Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет з*апознавање на религиите* за V одделение на основното осумгодишно образование, односно за VI или VII одделение за деветгодишното основно образование.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО РЕЛИГИИТЕ

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, февруари 2008

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет з*апознавање на религиите* е изборен предмет за учениците во VI и VII одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 2 (еден) час во неделата, односно 72 часа во текот на учебната година.

Учениците можат да го изберат предметот во VI одделение (како почетно изучување) и да продолжат со неговото изучување и во VII одделение (како продолжително изучување), или да го изберат само во VI, односно VII одделение (како почетно изучување).

Наставата по овој предмет им овозможува на учениците да се запознаат со вредностите на големите светски религии – јудаизмот, христијанството и исламот, како и со самата природа на религијата, со нејзините почетоци и со нејзиното значење за човекот воопшто.

Во овој наставен предмет, како и по другите предмети, се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, флексибилната организација на часовите, поттикнувањето на индивидуалните активности и групната работа на учениците со што се постигнува подобра комплементарност со другите предмети и кооперативност во процесот на наставата и учењето.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во V одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VI или VII одделение на деветгодишното осдновно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со важноста и значењето на религијата во животот на човекот, како и во општеството воопшто;
- да се запознае со причините и почетоците за појавувањето на религиите, како и нивната функција;
- да се запознае со фактот дека нема речиси ниту една човекова заедница во која не постојат одредени елементи на религиозни верувања и практики, како и да се разгледа дилемата дали тоа значи дека човекот нужно е *религиозно суштество*, односно дека е *homo religiosus*;
- да се запознае со доминантните монотеистички религии во современиот свет: јудаизамот, христијанството и исламот;
- да се запознае со природата и вредностите на различните религии;
- да научи да ги почитува различните религии во својот секојдневен живот;
- да ја запознае улогата на религиите во современиот свет;
- да развива способности и вештини за водење дијалог и соработка со различниот од себе, бидејќи само така ќе научи да се знае и самиот себеси.

### 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I<br>ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими[1] | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да сфати дека религијата не е обична, празна заблуда;<br>- да се запознае дека не постои ниту една човечка заедница во која не постојат одредни религиозни верувања и обичаи;<br>- да објасни дека религијата е резултат на длабоката човекова потреба за осмислување на светот и на животот а не измислица на религиските заедници или свештениците;<br>- да сфати дека религијата не е, како што многупати се мисли, опиум за народот. | **Поим за религија**? | Религија. Суеверие/празноверие. Идолопоклонство и односот на јудаизмот, христијанството и исламот кон него. Бог. Политеистички религии. Монотеистички религии. Индивидуални верувања/религии. | - Да се разговара дали религијата е само резултат на човековите незнаења и заблуди или произлегува и од човековата потреба да даде смисла на постоењето;<br>- да се дадат примери во прилог на првата и на втората теза. |
| - Да разбере дека религијата настанува, помеѓу другото, и од човековата немоќ да ги спознае природните сили и да владее со нив.<br>- да се запознае дека религијата произлегува, помеѓу другото, и од | **Настанувањето на религиските верувања** | Човек. Природа. Природни сили. Смртност. Бесмрт- | - Да се разговара за природата (космосот) и нејзината бесконечност;<br>- да се размисли дали човекот, како ограничено суштество, неможе да постои без религијата или својата немоќ |

[1] Заради специфичната природа на предметот *запознавање на религиите*, како и природата на поимите со кои овој предмет се служи, на повеќе места поимите се дадени описно.

| | | | |
|---|---|---|---|
| човековата ограниченост и неговиот копнеж по вечното;<br>- да сфати дека потребата за апсолутна праведност го води човека кон Бог. | | ност. Праведност. Неправедност. Човековиот стремеж за надминување на сопствената конечност. | (ограниченост) може да ја компензира и на поинаков начин, различен од религиозниот.<br>- Дискусија за односот религија-морал.<br>- Да се проблематизира прашањето дали е можно човечко суштество без никаква вера во себе. |
| - Да сфати дека секоја религија во својата изворна природа ја овозможува поврзаноста помеѓу луѓето;<br>- да сфати дека (низ историјата) религиозната злоупотреба предизвикува(ла) општествени конфликти, како и конфронтации помеѓу припадниците на различните религии;<br>- да има сознание дека религијата на некои луѓе им ја обезбедува смислата на живеењето и на постоењето воопшто, надополнувајќи ја така нивната биолошка ограниченост;<br>- да се запознае со моралната димензија на религијата. | **Значењето на религијата** | Соработка. Поврзаност, наместо разединетост помеѓу верниците. Космополитизам. Човештво. Морал. Животот и смислата. Барање по сопственото потекло. | - Преку примери од историјата да се покаже дека религијата доведува до поврзување помеѓу луѓето и нивна соработка како на индивидуално ниво, така и на зедничко, општествено ниво.<br>- Преку примери да се разговара како злоупотребата на религијата може да доведе до судири и војни помеѓу луѓето: инквизицијата, верските војни помеѓу самите христијани (протестантите и римокатолиците, на пр.) или помеѓу муслиманите (шиитите и сунитите, на пр.) |

| **ТЕМА II<br>ПРВИТЕ РЕЛИГИОЗНИ ВЕРУВАЊА (14 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со првите верувања и забрани што се јавуваат кај човекот;<br>- да ја сфати смислата и функцијата на овие забрани. | **Анимизам, тотемизам, табу** | Душата како двојник/фан - том на телото. Тотемски предмет и тотемско животно. Забраната (табуизација) да се користи и лови тотемското животно. Забранети (табуирани) имиња, предмети и простори. Егзогамија и ендогамија. | - Да се постави прашањето дали постои душа и дали таа е независна од телото;<br>- да се чујат аргументите на учениците во прилог на првата и втората теза;<br>- да се размисли дали и кај современиот човек е останата верата во постоењето на душата, како нешто независно од телото.<br>- да се воочат некои елементи на тотеми и табуа (забрани) во современиот свет. |
| - Да се запознае со природата и потеклото на митовите;<br>- да ја воочи разликата помеѓу митот и бајките;<br>- да ја воочи разликата помеѓу митот и религијата;<br>- да прави разлика помеѓу бајка, мит и религија. | **Митологијата и големите светски митови** | Бајка. Мит. Религија. (Митовите за настанокот. Митовите за плодноста. Митовите за вечното враќање) Митолошките и стварните суштества. | - Секој ученик да направи приказ на некој од значајните светски митови.<br>- Да се размисли (може и во пишувана форма) за значењето на некој одделен мит, како и на митот воопшто. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Учениците (поделени во групи) прибираат различни податоци и информации за митовите на различни народи, а потоа на часот секоја група ги претставува сознанијата до кои дошла. На крајот заеднички дискутираат за поврзаноста меѓу митовите, за нивната сличност итн. |
| - Да се запознае со природата на магијата;<br>- да прави разлика помеѓу магиското, религиското и научното објаснување на појавите и стварите во светот. | **Магија, религија, наука** | Магија. Маг/врач. Магиски дејства. Црна магија. Бела магија. Магијата, религијата и науката. | - Да се наведат примери на бела и црна магија;<br>- да се размисли од каде потекнуваат верувањата во магиската моќ.<br>- Да се согледа причинско-последичната поврзаност во светот и идејата за магијата.<br>- Дискусија за постоењето на магијата во современиот свет.<br>- Да се дискутира (со помош на некои примери) за определена појава од аспект на религијата, магијата и науката. |

| **ТЕМА III<br>ГОЛЕМИТЕ СВЕТСКИ РЕЛИГИИ (36 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со основните идеји на јудаизмот;<br>- да ја разбере поврзаноста на настаните од Стариот Завет со стварната историја на еврејскиот народ;<br>- да сфати дека описите во Стариот Завет имаат метафоричко-алегориска природа.<br>- Јудаизмот како основа на останатите монотеистички религии – христијанството и исламот. | **Јудаизам** | Завет/спогодба. Создавањето на светот. Адам и Ева. Првиот грев. Мојсије. *Петокнижието*. Божјите закони-*Декалогот*. Верувањето во Спасителот. Храмот и ѕидот на плачот во Ерусалим. | - Да се прочита делот од Стариот Завет за создавањето на Адам и Ева и за Првиот, Источен грев.<br>- Да се прочита Втората Мојсиева книга во која се говори за Божји закони (2 Мој. 20, 2-17; 34, 16-26).<br>- Да се прочитаат некои делови од книгата на Зенон Косидовски *Сказни на евангелистите*. |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со околностите во кои се родил и живеел Исус Христос;<br>- да ја види врската (продолжувањето) на некои идеи од Стариот Завет<br>- да се разгледа прашањето дали Исус е историска личност; | **Христијанство** | Ѕвездата над Витлеем. Тројцата мудреци/кралеви. Апостолите. Исусовата беседа на Гората. Исусовите чуда. Распетието и воскрснувањето. Вера, љубов и надеж. Простувањето. Првите христијански заедници. | - Со помош на различни извори (популарно пишувани биографии или филмови) да се размисли за стварното (историското) постоење на Исус Христос.<br>- Читање на Св. Евангелие според Матеј (особено гл. 5, 6 и 7) и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознае со основните учења и вредности на христијанството;<br>- да се информира за развитокот и судбината на Христовото учење после неговото распетие. | | | дискусија за прочитаното.<br>- Да се разговара за исклучителното Исусово залагање за љубов и толеранција, кога наместо старозаветното барање (око за око, заб за заб), го поставува принципот кој ќе биде удрен по едниот образ, да го сврти и другиот образ.<br>- Да се разговара за религиозните и општочовечките вредности на Христовото учење. |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со историските и општествените прилики пред појавувањето на исламот;<br>- да се запознае со животот на Мухамед;<br>- да се запознае со суштината на исламот и неговите пет столба на верата. | **Ислам** | Мухамед. Мека. Хиџра. Медина. *Коранот*. *Каба* и Црниот камен: средиштето на светот. Разликата помеѓу еднобожците и повеќебожците. | - Преку дискусија и споредби на делови од Библијата и Коранот да се најдат допирните точки помеѓу исламот и христијанството.<br>- Да се разгледа и да се дискутира должноста што секој муслиман да им помага на сиромашните (*зекат*), како еден од петте столбовите на исламот. |

| ТЕМА IV<br>**УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА (ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИЈАТА) (10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае зошто е потребно да се одвои световното (земското,) од светото (сакралното);<br>- да се запознае со раздвојувањето на црквата од државата за време на Француската револуција од 1789 година – првиот значаен секуларистички чин;<br>- да се запознае со повторното стекнување на автокефалноста на МПЦ во 1967 година;<br>- да се запознае со денешниот однос помеѓу различните верски заедници во РМ и македонската држава. | **Процесот на секуларизација (верските институции и државата)** | Свето. Световно. Црковно. Државата и верските институции. Нивната одделеност | Преку дискусија и различни примери да се разговара за потребата на одвојување на религиозните заедници од државата и од политиката воопшто. Сето тоа може да биде илустрирано со примери од конкретниот живот. |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со вистинската потреба за помирување на религиите и различните конфесии, како во самото христијанство (римокатолицизмот, православието и | **Екуменизмот**<br>**Помирување на религиите.** | Екуменизам. Бог: иста создавачка сила. Еднаквост помеѓу луѓето, како резултат на нивното заедничко потекло. | - Дискусии за причините кои доведувале до меѓуверски војни.<br>- Наведување (набројување) примери, кои ја илустрираат меѓуверската толеранција, особено на овие про- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| протестантизмот), така и помеѓу христијанството и другите религии. Истото се однесува и за разликите помеѓу самите муслимани;<br>- да се запознае со некои процеси кои одат во правецот на помирување на религиите;<br>- да се запознае со причините кои го спречуваат нормалниот процес на дијалог и соработка помеѓу различните религии и религиозни организации. | | | стори.<br>- Преку дискусии да се определат причините и мотивите за вистинско (искрено) помирување помеѓу верниците – на пример, сите луѓе потекнуваат од иста Божја сила, сеедно дали таа се именува како Јахве, Бог или Алах. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- *Насоки за меѓупредметно поврзување* (интегрирано планирање, односно целно и содржинско поврзување меѓу сродни предмети и подрачја).
  Во планирањето на наставата се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, како и меѓупредметното поврзување по однос на целите и содржините. На тој начин, се постигнува подобра комплементарност со другите предмети, од една страна, и кооперативност во процесот на наставата и учењето, од друга.
- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини).
  Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини, што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според

достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

- *Наставни средства:*
  - учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
  - други извори на учење во непосредната околина –појави во   општеството и односите меѓу луѓето;
  - посета на некои верски објекти и запознавање со нивното настанување и начини на функционирање;
  - енциклопедии, речници, атласи, карти  и сл.;
  - Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери;
  - списанија;
  - аудио-визуелни средства и други средства соодветни на предметот.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, за нивната мотивираност за учење, за соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Во програмата се наведуваат начините на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

На пр.:
Начини на проверување и оценување:

- усно;
- писмено;
- презентација.

Други средства и постапки за следење и оценување:

- говорни вежби; разговор/дијалог наставник-ученик, како и ученик-ученик;
- домашни работи (прибирање податоци за истражувачка работа).

Во текот на годината од формираните описни оценки, формулирани за секој ученик посебно, како и раководејќи се од поставените нивоа на постигања во текот на определени временски периоди, наставникот внесува и соодветни нумерички оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет *Запознавање на религиите* ја изведува наставник со завршен Филозофски факултет, кој се стекнал со звањето *дипломиран професор по филозофија*. Доколку на конкурсот не се јави кандидат кој се стекнал со звањето *дипломиран професор по филозофија*, тогаш наставата по овој предмет може да ја изведува наставник со завршен Филозофски факултет, кој се стекнал со звањето *дипломиран професор по социологија*.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Како резултат на изучувањето на религиите и на религиските обичаи, се очекува кај учениците да се побуди потребата да се запознае и со поинаквите верувања од неговите и зголемена толеранција кон другите, различните од себе и од своите убедувања. На тој начин, би се постигнала многу поголема доверба и соработка помеѓу учениците, кои ќе бидат идните граѓани на Република Македонија.

## 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1. д-р Љубомир Цуцуловски, Институт за филозофија, Филозофски факултет, Скопје
2. д-р Решат Ќаили, Државен универзитет, Тетово
3. Невена Петковска, наставник во ОУ Димо Хаџи Димов, Скопје
4. Биљана Синадиновска – Шотаровска, наставник во ОУ Блаже Конески, Скопје
5. Митко Чешларов, Биро за развој на образованието, Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по запознавање на религиите за петто одделение на основното осумгодишно образование, односно за шесто или седмо одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

_______________

**Сулејман Рушити** на ден _________________